Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет **германски јазик (трет странски јазик)** за **IV година** за реформирано **гимназиско образование** за учебната 2020/21 година

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК

ТРЕТ СТРАНСКИ ЈАЗИК

ЗА IV ГОДИНА

Скопје, 2020 година

**Вовед**

Скратената наставна програма по наставниот предмет **германски јазик (трет странски јазик)** за реформирано гимназиско образование се базира на целите предвидени со наставната програма за наставниот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратената програма се утврдуваат определени компоненти и наставни единици што треба да се реализираат за 145 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 3 часа неделно, односно вкупно 87 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите, содржините, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 1. Преглед на јазични компоненти и вештини[1]

Компонента 1. СЛУШАЊЕ
Компонента 2. ЗБОРУВАЊЕ
Компонента 3. ЧИТАЊЕ
Компонента 4. ПИШУВАЊЕ
Компонента 5. КОМУНИКАТИВНИ МОДЕЛИ
Компонента 6. ГРАМАТИКА
Компонента 7. ВОКАБУЛАР
Компонента 8. КУЛТУРА

## 2. Дидактички препораки

**Целта на овие дидактички препораки е да помогнат на наставникот/наставничката да ги постигне поставените цели на редовната наставна програма за IV (четврта) година од реформираното гимназиско образование со помош на оваа скратена наставна програма, која ќе биде патоказ за најбитните елементи кои треба да се опфатат. Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет германски јазик (трет странски јазик) е редовната наставна програма (цели, содржини, примери, активности и методи).**

Наставната програма во основа претпоставува целосен и комплексен јазичен и комуникативен развој преку конретни и дејствено поврзани наставни ситуации на учење. Компетенциите не се развиваат поединечно и изолирано, туку треба се создаваат комплексни, сестрани можности за учење соодветни на возраста на учениците преку животно

[1]Во однос на дадените компоненти и понудениот фонд на часови со скратената наставна програма, наставникот/наставничката прави проценка за начинот и длабочината на обработка на секоја компонента поединечно, притоа земајќи го предвид интегрираниот и избалансираниот пристап при изучување на сите јазични елементи.

и комуникативно значајни функционално поврзани активности. Активностите во наставата треба да ги интегрираат и поврзуваат компетенциите со јасни тематски ориентирани цели и задачи транспарентни за учениците. Наставата по германски јазик за учениците на оваа возраст се заснова на интерактивно учење кое ги опфаќа когнитивните, афективните и моторните аспекти на учениците, односно наставникот ги интегрира различните компоненти за функционално изучување на јазикот со ориентација на потреби, акција, дејствување и комуникација, развој на клучни компетенции, сензибилизација за самостојно и одговорно однесување на учениците, сензибилизација на интеркултурни аспекти при што улогата на наставниците вклучува и улога на модератори, помошници и партнери. Наставата за оваа возрасна група се ориентира на когнитивното учење со свесна примена на јазичните структури во контекст и структурално воведување на граматичките структури кои се изучуваат интегрирано, а не како посебна јазична вештина. Во овој период се настојува воедначено да се развиваат говорната и писмената комуникација. Тоа значи дека се обрнува подеднакво внимание на сите јазични вештини: слушање и читање во рамките на компонентата Разбирање, на усниот и писменото говор, како од аспект на интеракција, така и од аспект на самостојна продукција. Наставникот треба да ја поттикнува и развива автономијата на учениците преку активности и задачи кои ги оспособуваат да ја преземат одговорноста за сопственото учење, знаењето и способностите коешто ги стекнуваат во формален контекст на учење (во училница) и да ги користат надвор од неа. Наставата треба да вклучува активности за развој на свесно користење на стекнатите знаења и вештини од првиот странски јазик (англиски јазик) коишто користат во изучувањето на германскиот јазик. При изборот на активностите треба да се води сметка за внатрешната диференцијација и разновидноста. Треба да се одберат или адаптираат активности кои одговараат на различните стилови на учење, различните видови интелигенција и различните нивоа на знаења на учениците со менување на различни форми на работа и секвенци на дејствување. Согласно горенаведеното, во странскиот јазик не можат да се издвојат, односно не може да се планира бројот на часовите по одделни компоненти. Изучувањето странски јазик на секој наставен час ги интегрира сите јазични вештини и компоненти.

**Се препорачува, во рамки на дадените компоненти како база на наставната програма, а земајќи го предвид вкупниот фонд на часови предвиден со скратената наставна програма, јазичните компоненти (јазични функции, лексички единици, граматички структури и интеркултурни содржини) и јазичните вештини (слушање и читање со разбирање, говорење и пишување) да се усвојуваат интегрирано. Задолжително е да се усвојат сите предвидени граматички структури, лексички единици и јазични функции со редовната наставна програма. Се препорачува новите граматичките структури да се фузираат со увежбување на веќе усвоените граматички структури. Часовите**

**предвидени со редовната наставна програма за увежбување на изучените содржини да бидат редуцирани, а активностите да бидат интегрирани во часовите предвидени за новите наставни содржини. Во поглед на методите и активностите се препорачува нивна редукција односно избор од најефективни методи и активности за усвојување на дадената содржина и прилагодени на времетраењето на наставниот час од 35 минути.**

**Би требало да се напомене дека во оваа скратена програма по германски јазик дадениот број на часови по одделни компоненти може да варира, односно му/и се остава слобода на наставникот/наставничката за начинот на организацијата на наставата и на часовите, преку поврзување со веќе наученото, како и фузирање на наставни единици.**

## 3. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставник согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната наставна програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет **германски јазик (трет странски јазик)** за реформираното гимназиско образование ја утврди

Рег.бр. 12-8424/123
16-09-2020 г.

Министер за образование и наука
Мила Царовска